Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014 , 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016 и 37/2016) и член 6-а од Правилникот за критериумите за склучување договори, утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средства и начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарна здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 34/2014, број 48/2015 и број 191/2015), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на 4 март 2016 година донесе

**Одлука**
**за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2016 година**

**Член 1**

Во Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2016 година (број 02-333/21 од 12 јануари 2016 година) во членот 1 во табелата се вршат следните измени и дополнувања:

Кај редниот број 287 - „ПЗУ АПТЕКА СПЕКТРА“ од Куманово, во колоната 5, бројот „49.000“ се заменува со „76.000“.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 март 2016 година.

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател,**
**Елена Трпковска**